# ЗАПИСНИК

## од втората седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС

Скопје, 26.04.2022 г.

# ЗАПИСНИК

од втората седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС,
26 април 2022 година, Скопје

**Присутни**:
Хекуран Дука- градоначалник на општина Дебар
Звонко Пекевски- градоначалник на општина Берово
Борче Јовчески - градоначалник на општина Прилеп
Дејан Владев - градоначалник на општина Свети Николе
Габриела Илиевска – претседател на совет на општина Битола
Димитар Костадиноски-градоначалник на општина Јегуновце

Расправа:

Надзорниот одбор својата 2-та седница ја водеше по следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. **Усвојување на Годишниот наративен, финансиски и ревизорски извештај на ЗЕЛС за 2021 година;**
2. **Разно;**

## ПРВА ТОЧКА: Усвојување на Годишниот наративен, финансиски и ревизорски извештај на ЗЕЛС за 2021 година;

Пред присутните беа претсавени трите документи кои се однесуваат на финансиското работење и активностите на ЗЕЛС во 2021 година. Во однос на приходната страна беше нагласено дека согласно показателите ЗЕЛС најголемиот дел од приходите (75%) ги генерира од членскиот надомест од општините но наплатата на истата не е на задоволително ниво, односно долгот по овој изнесува над 35 милиони денари и беше апелирано да се користат сите механизми како што е лобирање, потпишување на спогодби за отплата на долгот на рати со цел намалување на истиот. Во однос на расходите од минатата година се забележува дефицит кој беше покриен од заштедите од претходните години и ова генерално се должи на неизвесноста со активностите заради пандемијата и дел како резултат на одржувањето на локалните избори.

Присутните го разгледаа и ревизорскиот извештај по кој немаше забелешки.

**ОДЛУКА**: Надзорниот одбор едногласно ги усвои Годишниот наративен, финансиски и ревизорски извештај на ЗЕЛС за 2021 година;

## ТОЧКА РАЗНО

Под точката разно, не се отворија прашања.

**Скопје, 26 април, 2022 г.**

**Составил,**
**Стручната служба на ЗЕЛС**